**2024036858**

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав Добрила Кацарска, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, др Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 и член 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 31 јануари 2024 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог, донесен од министерот за животна средина и просторно планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 128/2023).
2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, по повод поднесената иницијатива од министерот за правда, со Решението У. бр. 101/2023 од 2 ноември 2023 година, поведе постапка за оценување на уставноста на актот, означен во точката 1 од Одлуката, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

II

На седницата Судот утврди дека министерот за животна средина и просторно планирање донел Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог, со архивски број 13-3728/1 од 9 јуни 2023 година, објавен на 20.6.2023 година во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 128/2023.

Правилникот содржи 5 члена. Во прилог и составен дел на правилникот се:

- Прилог број 1 за формата и содржината на прекршочниот платен налог за правно лице;
- Прилог број 2 за формата и содржината на прекршочниот платен налог за одговорно лице во правно лице;
- Прилог број 3 за формата и содржината на прекршочниот платен налог за физичко лице.

III

Владеењето на правото, според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Член 51 од Уставот уредува дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 52 став 1 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила, а според став 2 на наведениот член од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Член 52 од Уставот е содржан во главата за основните слободи и права на човекот и граѓанинот, конкретно во делот за гаранциите на основните слободи и права, што укажува дека Уставот во однос на објавувањето на законите и другите прописи, не приоѓа како на техничко прашање, туку како на суштинско прашање од значење и во функција на обезбедување на принципот на владеење на правото и правната сигурност на граѓаните во остварувањето на слободите и правата, гарантирани со Уставот.

Во конкретниот случај Судот утврди дека Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог, е заведен под архивскиот број 13-3728/1 од 09.06.2023 година, што како дејствие секогаш следи и е условено со претходно донесување на прописот.

Судот утврди и дека оспорениот правилник е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ со број 128/2023 на 20 јуни 2023 година, од што произлегува дека од донесувањето на Правилникот, до денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија” се изминати повеќе од седум дена, односно надвор од предвидениот рок од член 52 став 2 од Уставот со кој е утврден временскиот период во кој законите и другите прописи треба да бидат објавени по нивното донесување, со што се повредува уставниот принцип на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните како негов составен дел.

Од изнесените причини Судот оцени дека Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог, донесен од министерот за животна средина и просторно планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 128/2023), не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 52 став 2 од Уставот.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У.бр.101/2023
31 јануари 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
**Добрила Кацарска,** с.р.